# З А П И С Н И К
## Од Педесет и осмата седница на Програмскиот совет на МРТ
## одржана на 14.09.2026 година, во 13:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Педесет и осмата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Беким Лачи, Музбајдин Ќамиљи, Биљана Бабиќ, Патриот Лумани, Ивана Ефремовски, Миле Грозданоски, Владимир Палашевски, Бурим Рамадани, Марјан Велевски, Лазо Трпков и Маја Седрак.***

**Онлајн присутни на седницата:** ***Томислав Кежаровски.***

**Други присутни на седницата:** ***Директор на МРТ Зоран Ристоски и Сања Аризанов консултант за ревизија и финансии од кабинетот на директорот.***

Педесет и осмата седница на Програмскиот совет започна во 11:05 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Педесет и осмата седница, како што следува подолу:

**<u>Дневен ред:</u>**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 56-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување и усвојување на Записникот од 57-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
3. **Финансиски план за изменување на Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2026 година со пренамена на средства**
4. **Годишен план за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2026 година со пренамена на средства**
5. **Извештај на директорот на МРТ за преземените активности и програмските планови за претстојниот период**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Пред да се пристапи кон расправа по точките од усвоениот Дневниот ред, Претседателот Давор Пашоски накратко информираше за две прашања поврзани со теми за кои Советот расправаше на претходните седници.

Најнапред, во однос на постапката поведена од Џенур Исеини, тој информираше дека до Програмскиот совет е доставено Решение на Управниот суд, У-3.бр.241/2026 од 18 август 2026 година, во врска со неговиот предлог за издавање времена мерка.
Со Решението, Управниот суд го одбил како неоснован предлогот за времена мерка, со кој беше побарано одложување на извршувањето на Одлуката за избор на заменик-директор на МРТ до правосилно завршување на управниот спор. Судот оценил дека во конкретниот случај не се исполнети законските услови за определување на бараната времена мерка.
Претседателот го сподели ова заради информирање на членовите на Советот за текот на постапката. Самата постапка по тужбата продолжува, а Советот, како и досега, ќе биде навремено информиран за нејзиниот понатамошен тек.

Втората информација се однесува на прашањето што се разгледуваше на 56-та седница, во врска со вршењето избрани јавни функции од страна на двајца новинари од МТВ2.
Согласно информацијата од одговорната уредничка на МТВ2, постапено е во насока на заклучокот на Програмскиот совет. Во рамките на организацијата на нивните работни задачи, двајцата новинари нема да бидат ангажирани на подготовка и реализација на политички и дневноинформативни содржини, туку ќе работат на други програмски содржини кои не се поврзани со политички теми и политичко известување.
На тој начин се овозможува непречено и професионално извршување на нивните работни обврски, а истовремено превентивно се избегнуваат ситуации кои би можеле да отворат прашање за потенцијален судир на интереси или да создадат впечаток на пристрасност.
Тој истакна дека ваквото постапување е во согласност со суштината на заклучокот што Советот едногласно го усвои, односно прашањето да се третира принципиелно и превентивно, со почитување на професионалните и етичките стандарди, уредувачката и новинарската независност и правата на вработените.

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 56-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Педесет и шестата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување и усвојување на Записникот од 57-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Педесет и седмата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 3. Финансиски план за изменување на Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2026 година со пренамена на средства**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори третата точка од Дневниот ред - Финансиски план за изменување на Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2026 година, со пренамена на средства.
Материјалите по оваа точка беа доставени заедно со предлогот на Финансискиот план и предлог-одлуката за негово усвојување.
Како што може да се види од образложението, потребата од изменување на Финансискиот план произлегува од реализацијата на приходите и расходите во текот на 2026 година и потребата определени првично планирани ставки да се усогласат со фактичката состојба и со потребите за непречено функционирање на МРТ до крајот на годината.
Во самиот Финансиски план е наведено дека кај дел од приходите е евидентирано пониско остварување во однос на првично планираните износи, што наметнува потреба од нивно коригирање и соодветно усогласување на расходната страна.
Истовремено, во Планот се земени предвид и финансиски движења и реални потреби кои произлегле во текот на годината. Оттука, суштината на предложеното изменување е усогласување и пренамена на расположливите средства согласно реалната динамика на работењето, обврските и потребите на МРТ до крајот на 2026 година.
Тој напомена дека, согласно предвидената постапка, за предложеното изменување на Финансискиот план претходно е добиена согласност од Надзорниот одбор на МРТ, како орган надлежен за следење и контрола на материјално-финансиското работење, по што материјалот е доставен до Програмскиот совет на разгледување и усвојување.
Претседателот истакна дека нема да навлегува дополнително во поединечните финансиски позиции и пренамени, бидејќи смета дека е најсоодветно претставниците на стручните служби да ни го образложат предложениот Финансиски план, причините за пренамената и позначајните промени во однос на досегашниот план.
Претседателот Давор Пашоски ја повика Сања Аризанов, консултант за ревизија и финансии од кабинетот на директорот да даде образложение и дополнителни појаснувања во однос на материјалот што ни е доставен.

Во меѓувреме се јави за збор Ивана Ефремовски, која даде предлог Програмскиот совет на МРТ да воспостави пракса, во иднина кога ќе има финансиски материјали за разгледување и усвојување, на самата седница на Советот да се повика и Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ, да даде осврт на тоа како течела седницата на Надзорниот одбор, кои прашања биле поставени во делот на финансиите и какви заклучоци се донесени од нивна страна.

По ова збор зема Сања Аризанов и истакна дека целта и идејата потекнуваат од таму МРТ да биде јавен сервис каков што доликува и дека овој сервис врши производство на програма која треба да биде квалитетна, па поради тоа е потребен овој ребаланс на буџетот и измена на планот за јавни набавки. Ребалансот на буџетот се заснива на три оперативни столбови преку кои ќе се реализира стратешки, инвестиоциони и опреативни цели. Најзначајните измени во ребалансот се во дел инвестиции – односно набавка на нова опрема и сервисирање на постоечката, ангажирање на дополнителни човечки ресурси и уредување на студијата во рамките на МРТ. Целта е создавање на сопствена програма, а за таа цел потребен е дополнителен кадар, односно се јавува потреба од нови хонорарни соработници, кои ќе бидат ангажирани како новинари, водители, монтажери, камермани и сл, а дел од нив ќе бидат ангажирани во секторите и одделенијата на Заеднички служби. Понатаму Сања Аризанов говореше и за тоа дека се потребни финансиски средства за опремување на дел од студијата, а во насока на производство на сопствена програма. Во таа смисла таа се осврна на копродукциските договори и истакна дека се во анализа и идентификување на нивниот статус. Дел од договорите се ставени во мирување и се врши анализа на статус на секој договор одделно со цел да се утврди понатамошно постапување со истите. Аризанов најави и дека се очекуваат нови вработувања, но сето тоа зависи од одговорот на надлежните институции

Следна измена на финансискиот план е во делот на исплатата на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ, како и средства за исплата на регрес за годишен одмор. Зголемување во делот на регрес за годишен одмор се во корелација со усогласувањето на просечната плата. Патните трошоци се исто така зголемени поради зголемен број на настани и други формати кои се планираат, како аудиции за меѓународни формати Зголемување на средства за инвестиции се во делот на сервисирање на камери, набавка на техничка опрема, ситен инвентар и опрема за студијата.

Следствено на зголемувањето на трошоците Сања Аризанов говореше и за намалувањето на трошковните ставки во буџетот на МРТ, а кои произлегуваат од останати програмски права, раскинати копродукциски договори, ставање вон сила на тендерски постапки кои во моментот не се прирорितени и слично.

Беким Лачи зема збор и праша што е со оние хонорарни соработници кои немаат потпишано активен договор, а доаѓаат на работа?

Сања Аризанов одговори дека по извршената анализа на сите хонорарни соработници, оние соработници кои немаат активен договор, не доаѓаат на работа,

Беким Лачи повторно постави прашање во однос на проектите кои се во мирување и што доколку тие се активираат повторно?

Сања Аризанов одговори дека тие проекти се во мирување поради фактот што од нивна страна не се доставени материјали за емитување и поради тоа нема основа за да бидат активни и да се врши исплата, односно таа објасни дека проектите или ќе бидат реализирани законски или пак ќе се раскинат спогодбено.
Маја Седрак се надоврза на горенаведеното и праша каков е третманот на овие корисници со кои МРТ има потпишано договори, истите се сеуште активни, односно не се спогодбено раскинати, а согласно со ребалансот на Буџетот средствата за нивната исплата се скратуваат. Дали тие корисници се информирани за состојбата, дали истите испорачуваат материјал согласно Договорите. Како куќата постапува со овие корисници, односно дали оваа состојба може да отвори простор за евентуални идни побарувања на средствата во идни судски постапки?

Аризанов одговори дека доколку договорот е активен, а страната не доставила материјал за работа, не доставила испратница, нема основ да доставува фактура за нешто што не е испорачано, воедно истакна дека во тој случај копродукциите се известуваат дека договорите ќе бидат ставени во мирување се додека не достават материјали за емитување или пак спогодбено раскинати.

За крај на оваа точка од Дневниот ред Сања Аризанов воочи дека откако МРТ е со ново раководство јавниот сервис е со позитивен финансиски резултат, односно станува збор за околу 13.354.146 денари буџетски суфицит до сега.

Претседателот Давор Пашоски, на крајот од оваа точка од Дневниот ред, ја стави на усвојување предлог-одлуката Програмскиот совет да донесе Одлука за усвојување на Финансискиот план за изменување на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2026 година, со пренамена на средства, во текстот доставен со материјалите и со добиена согласност од Надзорниот одбор. Согласно предлог-одлуката, Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Тој го стави предлогот на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот констатираше дека Одлуката за усвојување на Финансискиот план за изменување на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2026 година, со пренамена на средства, е усвоена.

**Точка 4. Годишен план за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2026 година со пренамена на средства**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ја отвори четвртата точка од Дневниот ред – Годишен план за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска радио телевизија за 2026 година, со пренамена на средства.
Материјалите по оваа точка беа доставени заедно со образложението и предлог-одлуката за усвојување на изменетиот Годишен план.
Како што може да се види од доставеното образложение, оваа точка е непосредно поврзана со претходно разгледаните изменување на Финансискиот план за 2026 година. Со промените во финансиското планирање се јавува потреба од соодветно усогласување и на Годишниот план за јавни набавки, односно од пренамена и корекција на одредени планирани набавки согласно реалните потреби и приоритети на МРТ до крајот на годината. Измените опфаќаат набавки на стоки, услуги и работи.
Од материјалите може да се види дека дел од постојните позиции се коригираат, се воведуваат и нови набавки, а определени претходно планирани постапки се бришат од Планот. Промените се насочени, меѓу другото, кон обнова на опремата, реконструкција и уредување на телевизиските и музичките студија, одржување на техничката опрема и објектите, како и обезбедување на други потреби поврзани со производството и емитувањето на програмата.
Во делот на инвестиционите набавки, тој издвои дека со претходно донесени одлуки се ставени вон сила и се повлечени започнатите технички преговори за набавка на ОТТ платформа и за надградба на системот за снимање, обработка и емитување на програмата на МТВ, поради што овие позиции со предложената измена се отстрануваат од Годишниот план за 2026 година.
Согласно образложенијата на донесените одлуки, ваквото постапување е поврзано со настанатите организациски промени и стратегиско определеување на МРТ. Со самите одлуки претходно започнатите постапки се прекинуваат и повлекуваат во целост.
Истовремено, во делот на инвестиционите набавки се планираат нови позиции за LED видео ѕид за ТВ студио, камери за поткаст, видео надзор и контрола на пристап, сценографски мебел и рефлектори, што според образложението е во функција на обновување на опремата и реконструкција на телевизиските и музичките студија.
Во делот на услугите, меѓу другото, се предвидуваат дополнителни позиции за одржување на техничката опрема, сценографско уредување, како и нова постапка за услуги од авторска агенција, имајќи предвид дека претходно планираниот износ за авторски договори е исцрпен и дека, согласно образложението, постои потреба од ангажирање стручен кадар до реализација на планираните нови вработувања.
Исто така, во делот на работите се предвидуваат интервенции за санација и одржување на објектите на МРТ. Позначајна е санацијата на кровот, каде по направената проценка на штетата предизвикана од невремето е утврдено дека првично планираните средства не се доволни, поради што набавката се планира како инвестициона.

Со сите предложени измени, вкупната проценета вредност на Годишниот план за јавни набавки се намалува од 235.752.500 денари на 181.257.500 денари без ДДВ, односно за 54.495.000 денари без ДДВ. Останатите позиции во Планот остануваат непроменети.
Претседателот напомена и дека, согласно предвидената постапка, за предложеното изменување на Годишниот план претходно е добиена согласност од Надзорниот одбор на МРТ, по што материјалот е доставен до Програмскиот совет на разгледување и усвојување. Тоа е наведено и во правниот основ на предлог-одлуката што е доставена.
Тој ги повика претставниците на надлежните служби да ги образложат причините за предложените измени, позначајните пренамени и новите набавки, како и нивната поврзаност со изменетиот Финансиски план за 2026 година.

Сања Аризанов зема збор и истакна дека измената на годишниот план за јавни набавки произлегува од ребалансот на буџетот на МРТ. Таа говореше за намалување во делот на стоки, а зголемување на услуги. Истакна дека набавката на ОТТ платформата е повлечена, како и набавката за надградба на системот за снимање, обработка и емитување на програмата на МТВ е поништена и овие две ставки се избришани од Годишниот план за јавни набавки за 2026 година. Таа се осврна на санација на кровот, кој поради невремето е целосно оштетен. Исто така потребно е да се изврши набавка на LED видео ѕид за во ТВ студио, понатаму сценографски мебел, камери за поткаст, бубици и микрофони за студија и слично.

Беким Лачи зеде збор и, во однос на планираната набавка на камери, посочи дека при изборот треба да се земе предвид и мислењето на камерманите и снимателите, кои на една од претходните седници укажале дека камерите што се користат се премногу тешки.

Сања Аризанов истакна дека во процесот на набавка се вклучени сите релевантни стручни лица од оваа област, кои располагаат со потребното знаење и искуство и се запознаени со реалните потреби при изборот на соодветна опрема. Дополнително, сите барања за јавни набавки се изработуваат од релевантни сектори што располагаат со соодветни информации за потребни инвестиции, набавки на стоки и услуги.

Претседателот Давор Пашоски, на крајот од оваа точка од Дневниот ред, ја стави на гласање предлог-одлуката Програмскиот совет да донесе Одлука за усвојување на Годишниот план за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2026 година, со пренамена на средства, во текстот доставен со материјалите, за која е добиена согласност од Надзорниот одбор.

Тој го стави предлогот на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот констатираше дека Одлуката за усвојување на Годишниот план за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2026 година, со пренамена на средства, е усвоена.

**Точка 5. Извештај на директорот на МРТ за преземените активности и програмските планови за претстојниот период**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори петтата точка од Дневниот ред и рече дека како што е предвидено, во рамките на оваа точка директорот ќе даде осврт на активностите преземени во периодот по неговото назначување, а ќе ги презентира и програмските планови за претстојниот период, односно за новата програмска сезона.
Смета дека оваа точка е особено значајна во овој период, имајќи предвид дека во МРТ се одвиваат повеќе организациски и програмски процеси и промени, како и активности поврзани со поставувањето на понатамошните насоки за работа и развој на Јавниот сервис. Во тој контекст, редовното информирање и отчетноста за преземените активности се значајни и од аспект на обврската за транспарентност во работењето на МРТ како јавен радиодифузен сервис.
Воедно, важно е Програмскиот совет да добие информација и за досегашната имплементација на програмата за работа што директорот ја достави на јавниот конкурс, односно за преземените активности, реализираните приоритети, процесите што се во тек и планираните следни чекори.
Истовремено, пред почетокот на новата програмска сезона, значајно е Советот да се запознае и со главните програмски насоки, планираните новини и приоритетите за претстојниот период.
Тој смета дека ваквото информирање и непосредна презентација пред Програмскиот совет неопходно е да биде редовна пракса, преку која Советот ќе има можност континуирано да се запознава со позначајните активности и процеси во МРТ и во рамките на своите надлежности, да отвора прашања и да дискутира за нив.

Директорот на МРТ, Зоран Ристоски, зеде збор и даде осврт на активностите преземени во периодот по промената на раководството на јавниот сервис. Тој истакна дека во тек е подготовка и промоција на нова програмска шема, целосно поразлична од претходните, со нов концепт и содржини во различни програмски жанрови. Во тој контекст, директорот го информираше Програмскиот совет за воведувањето на три нови програмски формати: „X-фактор“, „Идол“ и квизот „Пасворд“, за кои веќе се потпишани договори за нивно емитување на програмата на МРТ. Тој додаде дека аудициите за „X-фактор“ и „Идол“, кои ќе се одржуваат низ Македонија, се очекува да започнат во текот на месец октомври.
Директорот истакна дека најголем програмски фокус ќе биде ставен на терминот од 17:00 до 24:00 часот, со збогатување на програмската понуда со нови содржини од различни жанрови. Во тој контекст, тој го најави и започнувањето на новиот концепт на Централниот Дневник,

кој се емитува во терминот од 19:30 часот. Тој информираше дека утринската програма веќе се реализира согласно предвиденото, а како позитивна промена во телевизиската и радиопрограмата го издвои и проектот „Звук што се гледа“. Во продолжение посочи дека се работи и на збогатување на викенд-програмата, во чии рамки се планирани премиерни содржини, како и емисии од културен, информативен, забавен, музички и други жанрови. Посебно внимание во текот на викендите ќе биде посветено и на детската програма, со емитување содржини наменети за најмладата публика. Програмскиот ден е предвидено да завршува со поткаст-содржини посветени на различни теми. Директорот информираше и дека се очекува лансирање на новите програмски шеми на МТВ 2 и МТВ 3. Воедно, тој истакна дека до надлежните институции е поднесено барање за ангажирање нови хонорарни соработници, имајќи ја предвид определбата за зголемување на сопствената продукција и производство на сопствени емисии, без копродукции. Директорот Ристоски се осврна и на ставањето во функција на неколку студија, меѓу кои студијата М1 и М2, кои ќе се користат, меѓу другото, за потребите на детскиот хор и за продукција на детска радиодрама. Тој го најави и „МК Конект“, како нова програмска содржина преку која, во соработка со дописници од дијаспората, ќе се обработуваат различни теми поврзани со животот, активностите и особеностите на македонските иселеници. На крајот од оваа точка од Дневниот ред, директорот Ристоски се осврна и на финансиското работење на МРТ и истакна дека очекува 2026 година да заврши со позитивен финансиски резултат.

По излагањето на директорот Зоран Ристоски, Марјан Велевски зеде збор и постави прашање дали, покрај емисијата „360 степени“, во програмата на МРТ остануваат и други емисии што се реализираат во копродукција.

Директорот Ристоски одговори дека „360 степени“ е единствената емисија за која постои важечки копродукциски договор, додека останатите копродукциски ангажмани се ставени во мирување или договорите се спогодбено раскинати.

Потоа Ивана Ефремовски зеде збор и постави прашање во врска со текот на подготовките за настапот на Македонија на Јуниорскиот Евросонг.

Директорот Зоран Ристоски информираше дека подготовките за Јуниорскиот Евросонг ги координира одговорната уредничка на МТВ 5, Дијана Гогова, дека спотот за песната е веќе снимен и дека се очекува успешен настап. Воедно, директорот го информираше Програмскиот совет дека на интернет-страницата на ЕБУ веќе е објавено дека Македонија ќе учествува и на Изборот за песна на Евровизија 2027 година.

По исцрпувањето на Дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ им се заблагодари на присутните и ја затвори Педесет и осмата седница на Програмскиот совет на МРТ во 14:50 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-5083/4
14.09.2026г.

______________________

Давор Пашоски